РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
КОЧАНИ (I)

| Примено: | 02.06.2021 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 09-1477/1 | | | |

До
Совет на Општина Кочани

**Предмет**: **БАРАЊЕ**

**Од: Еколошко здружение на граѓани ГРИН-ОРГ-КО , Кочани**
**улица: Охридска 35, Кочани**
**email :green.org@yahoo.com**
**тел: 078 209 289**

**Барање** за распишување на референдум за одлучување на граѓаните ЗА или против изградбата на мала хидроцентрала на Мала Река

Согласно Законот за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните (Сл.Весник на РМ бр.81/05) бараме Советот на Општина Кочани да распише референдум на локално ниво заради изјаснување на граѓаните на Опшина Кочани дали се ЗА или ПРОТИВ изградбата на мала хидроцентрала на Мала Река. Како основа за распишување на референдум го земаме позитивното мислење од Општина Кочани бр.03-1415/2 од 21.07.2017год. За реализација на проект Изградба на мала хидроцентрала за прозиводство на електрична енергија на Мала река , а притоа нема одржана законски предвидена јавна расправа, ниту пак соодветен документ записник или извештај од одржана јавна расправа којштo е задолжителен кај вакви проекти.

Со овие дејствија сметаме дека е нанесена штета на граѓаните на град Кочани , а не се во предвит земени ниту штетните влијанија врз животната средина , ниту пак нарушувањето на биодиверзитетот со изградбата на оваа хидроцентрала.

02.06.2021год.

Претседател

Ана Симонова

Здружение ГРИН-ОРГ-КО Кочани